ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

21 02 2025
05 | 935/1 | 2

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
# ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696)

**01 2024 03 05/2**

**Скопје, февруари 2025 година**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за управување со одземен имот на депозитната сметка (696) за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2023 година се воздржавме од изразување на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенција за управување со одземен имот за 2010 година и изразено е мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со извршената ревизија на Агенција за управување со одземен имот ги утврдивме следниве состојби:

- нецелосно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските и не усвојување на извештајот за пописот во законски предвидени рокови;
- во отсуство на доволно ревизорски докази ревизијата не се увери во целосноста, објективноста и точноста на проценетата вредност на залихите на стоки – конфискуван недвижен имот и одземени предмети по правосилни судски пресуди;
- побарувањата од физички и правни лица за наплата по правосилни судски пресуди не се целосно, реално и објективно прикажани во финансиските извештаи;
- утврдивме признавање на приходи спротивно на сметководствено начело на парично искажување;
- средствата од продажба на недвижен и движен конфискуван имот не се уплатуваат директно во Буџетот на државата;
- не се обезбедуваат изводи од тековната состојба за остварените приливи и одливи на девизната сметка по основ на привремено конфискувани книжни и ковани пари во странски валути што се води во НБРСМ;
- подзаконските акти кои го уредуваат начинот на постапување и евидентирање со одземениот имот не се објавени во Службен весник и истите не содржат архивски број, датум на нивно донесување и потпис од претседателот на УО;
- не се врши проценка на целокупниот конфискуван имот;
- подзаконските акти со кои е пропишан начинот на вршење на прием на одземените предмети и начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот и предмети не се применуваат во целост;
- за одземените предмети кои Агенцијата нема услови веднаш да ги преземе во своите магацини, не се води евиденција со податоци за видот на движниот имот и субјектот каде тие локациски се наоѓаат, ниту пак се врши попис на

истите;
- начинот на располагање и управување со недвижниот имот не овозможува остварување на приходи во Буџетот на Република Северна Македонија од конфискуван имот;
- воспоставената пракса на отстапување на конфискуваните предмети и моторни возила не овозможува рамноправност на институциите за користење на истите;
- чувањето и складирањето на одземените предмети и моторни возила не овозможуваат заштита на истите од уништување, намалување и губење на нивната вредност и
- не постои транспарентност на постапката за продажба на недвижен имот, одземени предмети и конфискуван имот.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања ја истакнуваме потребата од значајна поддршка на Агенцијата заради воспоставување на електронски регистар за привремено и трајно одземен имот и предмети.
Исто така, укажуваме на потребата Агенцијата да воспостави зајакната соработка со јавниот обвинител и судовите за носење дополнети или изменети пресуди за утврдување нов извор за конфискација на имотна корист поради тоа што новото законско решение генерира голем ризик од мала или никаква наплата на имотна корист.

Ја истакнуваме потребата од преиспитување на статусот на Агенцијата како даночен обврзник за ДДВ од остварените приходи од продажба на недвижен и движен имот.

Во делот на Останати прашања укажуваме на потребата од изнаоѓање на нови решенија за навремена и широка достапност на информациите за продажба на недвижен и движен имот до јавноста и можноста за користење на Националната платформа за интероперабилност на државните органи, како и укажување Министерство за финансии да го применува Упатството за начинот на трезорско работење и средствата од депозитната сметка (696) да не се користат за исплати по извршни решенија.

Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица на Агенцијата прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија со кои вкупните ефекти се зголемување на Билансот на состојба за 9.890 илјади денари.

Од страна на законскиот застапник за периодот предмет на ревизија и вршителот на должност директор на Агенцијата за управување со одземен имот, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е утврдено дека две забелешки не се прифаќаат, а една делумно се прифаќа.

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за воздржување од изразување на мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за воздржување од изразување на мислење за усогласеност со закони и прописи | 9 |
| 4. Нагласување на прашања | 27 |
| 5. Останати прашања | 28 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 30 |
| 7. Опфат и ограничувања | 30 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 30 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 31 |
| 10. Корекции во текот на ревизијата | 32 |
| 11. Одговор на ревидираниот субјект | 32 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 34 |
| Биланс на состојба | 35 |
| Преглед на помени на извори на кпитални средства | 36 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 37 |
| Сметководствени политики | 37 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 38 |

Прилог број 1 – Преглед на одземени моторни возила кои се наоѓаат на локации на МВР и не се предадени на Агенцијата
Прилог број 2 - Отстапени предмети за кои Владата подоцна донела одлуки за нивно отстапување
Прилог број 3 - Отстапени предмети со одлуки на Влада а кои не се предадени на корисниците
Прилог број 4 – Фотографии од движниот имот во магацинските простории и складиште на Агенцијата
Прилог број 5 – Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Прилог број 6 – Одговор на забелешки по Нацрт извештајот

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Агенција | Агенција за управување со одземен имот |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| Законот | Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка „Службен весник на Република Македонија" број 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18 |
| Законот од 2024 | Нов Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24 - стапува на сила од 27.03.2024 година |
| НБРСМ | Народна Банка на Република Северна Македонија |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| УО | Управен одбор |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-166/4
Дата: 13.02.2025

## 1. Вовед

Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошниот текст: Агенцијата) своите надлежности и активности ги врши согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка[1] со својство на правно лице и за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија. Агенцијата ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот и имотната корист и со трајно одземени предмети;
- со согласност на судот управува и со привремено одземен имот и имотна корист и привремено одземени предмети;
- ја спроведува постапката за извршување на конфискација на имот и имотна корист како принос од казниво дело;
- води регистар за привремено одземен имот, привремено одземени предмети, трајно одземените предмети и конфискуван имот;
- го чува и го складира одземениот имот;
- врши процена на одземениот имот;
- го дава во закуп конфискуваниот имот;
- води евиденција на целокупниот одземен имот;
- го продава одземениот имот и
- врши други надлежности согласно закон.

При постапувањето и управувањето со имотот со кој располага, Агенцијата постапува согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

Приходите на депозитните сметки (696) се по основ на уплати на депозити, а расходите се однесуваат за поврат на депозитите, пренос (трансфер) на други сметки и плаќања по разни основи[2].

---

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18. Од 27.03.2024 година стапува на сила Законот од 2024 за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24

[2] Точка 70 од Упатството за начинот на трезорско работење „Службен весник на Република Македонија" бр. 219/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 187/23

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 35 до 37 на Агенцијата за управување со одземен имот, на депозитната сметка (696) за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот за 2023 година на депозитната сметка (696) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точките 3.1. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот на ден 31 декември 2023 година на сметката на депозити (696), кои беа предмет на ревизија.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точките 3.2., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот, за 2023 година, на сметката на депозити (696), се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

Заради прашањата опишани во точката 3.1. и точката 3.2. ние не бевме во можност да добиеме доволен и соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за воздржување од изразување на мислење за финансиските извештаи

### Попис

3.1.1. Утврдените состојби во точка 3.1.1. од извештајот на Агенцијата за управување со одземен имот - сметка на основен буџет (637) за задоцнето усвојување на извештајот од спроведениот годишен попис за 2023 година во однос на законски пропишаниот рок и отсуство на потпис од сите членови на пописните комисии на поединечните извештаи и збирниот извештај од спроведениот попис, се однесуваат и за оваа сметка.

Со увид во пописниот материјал од пописот за 2023 година на побарувањата, конфискуваниот недвижен имот и стоката во магацините, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Комисијата за попис има изготвено пописна листа за конфискуван недвижен имот која не содржи целосни и детални податоци, информации, визуелна или друга документација за секоја недвижност одделно, преку кои ќе се потврди фактичката состојба на имотот односно, нема податоци за:
  - ✓ проценета вредноста на секоја недвижност;
  - ✓ квадратура, локација и сопственоста на имотот (целосна сопственост, заедничка сопственост/со-сопственост, хипотека и сл.) со прилог на имотни листови;
  - ✓ во извештајот од извршениот попис на конфискуван недвижен имот наведено е дека истиот е спроведен со теренска посета на имотот, но од вкупно 131 недвижности содржани во пописната листа, само за 44 објекти е наведено дека се во солидна состојба додека за останатите 87 односно за 66% од објектите, нема податоци за состојбата на имотот;
- пописните листи од пописот на одземената конфискувана стока во магацините во Идризово, Миладиновци, Тетово и Гевгелија не овозможуваат потврдување со нивната состојба во материјалната евиденција на ден 31.12.2023 година бидејќи:
  - ✓ не се доделени инвентарни броеви или исти шифри од материјалната евиденција како би се вршело нивно поврзување;
  - ✓ податоците во пописните листи содржат само натурални показатели, а не и вредносни показатели,
  - ✓ пописните листи содржат стоки и моторни возила за кои комисијата во извештајот наведува дека истите во изминатиот период се донирани, уништени, физички не постојат или продадени, без да бидат наведени или приложени документите од извршеното отстапување, уништување, продажба или пак причините за непостоење на истите;
- во материјалната евиденција на одземената- конфискуваната стока наведена е локација "Агенција за одземен имот" каде привремено се врши евиденција на наркотични дроги, оружје, муниција, тутун и друга одземена

стока, што согласно член 54 и 58 од Законот се предаваат на чување на други надлежни органи (МВР), односно се носи во другите магацини на Агенцијата. Утврдивме дека оваа локација всушност претставува метален сеф кој се наоѓа во канцелариските простории на Агенцијата, кој според големината никако не може да ги складира евидентираните 18.547 ставки од материјалната евиденција и кои не се опфатени со пописот на средствата за 2023 година.

По укажување на ревизијата, одговорното лице на субјектот донесе Решение број 01-3349/1 од 30.09.2024 година за формирање Комисија за отворање на сефот на Агенцијата со цел попис на содржината и утврдување на фактичката состојба на истиот.

- не се изготвени посебни пописни листи на конфискуваната стока кој се наоѓа и чува кај други државни органи и институции и тоа:
  - ✓ на конфискуваните девизни парични средства по валута и вредност со состојба на 31.12.2023 година, чие чување е во надлежност на НБРСМ и
  - ✓ за моторни возила кои се наоѓаат кај државни органи кои не се преземени од страна на Агенцијата поради ограничените капацитети за нивно сместување и чување (Точка 3.2.6. во Извештајот).
- пописната комисија за искажаните побарувања по судски пресуди не потврдила дека побарувањата се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, дали и какви мерки се преземени од одговорните за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и дали истите воопшто може да бидат наплатени (не активни правни лица, живи физички лица). УО на Агенцијата во одлуката за усвојување на Извештајот за годишниот попис за 2023 година, донел заклучок правниот и финансискиот сектор да извршат усогласување на состојбите од судските пресуди со сметководствената евиденција и достават извештај до пописната комисија. До периодот на вршење на ревизијата не е направено усогласување ниту е изработен извештај.

Наведените состојби не во согласност со членовите 29, 31 став 1, 31-а и 31-в точка 1 алинеја 1 и 2 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[3] кои се однесуваат на начинот и обврската за вршење попис и имаат за ефект нецелосен попис на средствата со кои управува Агенцијата, неусогласеност на состојбите од сметководствената евиденција со состојбите утврдени со попис, нереално и необјективно проценети позиции во Билансот на состојба.

Истакнуваме дека во текот на вршење на ревизијата, одговорното лице на Агенцијата донесе Решенија[4] за формирање комисии за оценка на употребливоста на одземената стока во магацините на Агенцијата и Решение[5]

[3] „Службен весник на Република Македонија" број 28/03, 62/06,8/09,175/11 и 101/13
[4] број 03-3154/1,03-3155/1,03-3156/1,03-3157/1 од 13.09.2024 година
[5] број 01-3389/1 од 01.10.2024 година

за формирање на комисија за утврдување на состојбата на одземените моторни возила во депо Миладиновци со цел носење соодветни одлуки за нивна продажба или уништување.

**Препорака:**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности со кои ќе се обезбеди:

- пописните листи за конфискуваниот недвижен имот да содржат податоци за вредноста, квадратура, локација и сопственоста на имотот;
- податоците во пописните листи за стоките во магацин и моторните возила покрај бројна состојба да содржат и вредносни показатели;
- изготвување на посебни пописни листи на конфискуваниот движен имот кој се наоѓа и чува кај други државни органи и институции;
- попис на девизните парични средства уплатени на посебната сметка на Агенцијата;
- утврдување на наплатливоста на побарувањата кои потекнуваат од минати години и нивно усогласување со финансиската евиденција и
- да се продолжат започнатите активности за утврдување на употребливоста и фактичката состојба на одземената стока во магацините, сефот на Агенцијата и моторните возила.

**Залиха на стоки**

3.1.2. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година позицијата залихи на стоки е проценета во износ од 1.638.447 илјади денари по основ на одземени предмети со правосилни судски пресуди и тоа:

- конфискуван недвижен имот во износ од 1.595.356 илјади денари и
- одземени предмети во износ од 43.091 илјади денари.

1. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази за да се увери во целосноста, објективноста и точноста на проценетата вредност на залихите на стоки поради следиве состојби:
   - Агенцијата нема изготвено сметководствени политики за начинот на евидентирање и проценување на залихите и нема утврден метод врз основа на кој ќе се вреднуваат истите, пропишано со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.33, и 1.3.34. од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа имајќи ја во предвид разновидноста на стоките и периодот со кои Агенцијата управува;
   - не се врши хронолошко и навремено евидентирање на приемот и издавањето на залихите на стоки. Промените на позицијата стоки во 2023 година се искажани со еден налог за книжење на ден 31.12.2023 година кога е извршено евидентирање на примени стоки во магацините

во вкупен износ од 26.637 илјади денари и издадени стоки во 2023 година во износ од 28.511 илјади денари;

- не ни беше обезбедена целосна и релевантна документација за голем дел од стоките што се издадени од магацините на Агенцијата поради состојби утврдени во точките 3.2.4 и 3.2.5 од во овој извештај;
- утврдивме значајно не усогласување на вредноста на залихата на одземени стоки која во финансиските извештаи за 2023 година е проценета во износ од 43.091 илјади денари во однос на нивната вредност во материјалната евиденција која е проценета во износ од 289.561 илјади денари, односно разлика во износ од 236.580 илјади денари. Од вработените беше објаснето дека овие состојби се пренесуваат со години наназад без да бидат соодветно потврдени и документирани;
- утврдивме дека два пати се евидентирани издадени стоки од магацин во Тетово поради што состојбата на залихите е проценета помалку во износ од 9.890 илјади денари. Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата извршени се корекции на сметките Залиха на стоки и Останат капитал, а ефектите од извршените корекции се прикажани во точка 11 од овој Извештај.

2. Не бевме во можност да ја потврдиме вредноста на недвижниот имот кој во рамки на позицијата залиха на стоки е проценет во износ од 1.595.356 илјади денари и дека истиот се однесува на вредноста на имотот стекнат со правосилни судски пресуди поради следниве утврдени состојби:
   - не е воспоставена материјална евиденција на недвижниот конфискуван имот;
   - не се врши проценка на вредноста на недвижниот имотот со кој располага Агенцијата поради состојби детално образложени во точката 3.2.4. во овој Извештај, ниту пак Агенцијата располага со податоци и докази за извршените проценки од минати години.
3. Агенцијата има воспоставено материјална евиденција за привремено и трајно одземени движни предмети, складирани во магацините во Тетово, Гевгелија Идризово, Миладиновци, магацинскиот простор за дрога и оружје во МВР и парични средства во НБРСМ. Со увид во податоците и доставената документација ги констатиравме следниве состојби:
   - воспоставената материјална евиденција на залихите на стоки (моторни возила и разни предмети) содржи податоци за количината, без целосни податоци за нивната вредност;
   - не се врши хронолошко и навремено евидентирање на промените во залихите, прием и нивно издавање. Утврдивме дека трансакциите се внесуваат во сметководствената евиденција со задоцнување и по неколку месеци;
   - најголем дел од конфискуваните моторни возила и предмети кои со одлуки на Владата се отстапени на други органи, не се евидентирани во

материјална евиденција ниту во периодот на нивно преземање, ниту пак во периодот на нивното отстапување (детално наведено во точките 3.2.6. и 3.2.8 од овој Извештај) и

- во текот на 2023 година Агенцијата нема извршено промени во евиденцијата во однос на одземени и предадени наркотични супстанци и оружје на МВР.

Утврдените состојби во однос на начинот на евиденција на привремено одземениот и конфискуван недвижен и движен имот не се во согласност со член 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[6], каде е уредено дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата, што има за ефект Агенцијата да не располага со интегрирани, целосни, навремени, ажурни и валидни податоци за имотот и стоката со која располага, а со тоа на Владата не и се овозможени навремени и релевантни податоци за имотот со кој располага.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за:

- усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција;
- да се воспостави хронолошко и навремено евидентирање на сите трансакции на залихите во материјалната и финансиската евиденција со вредносни параметри;
- да се изврши целосна процена на недвижниот конфискуван имот и да се воспостави негова материјална евиденција и
- да се изврши усогласување на податоците во финансиската евиденција со податоците во материјалната.

3.1.3. Позицијата побарувања од физички и правни лица за наплата по правосилни судски пресуди во износ од 4.852.251 илјади денари е нереално и необјективно проценета во финансиските извештаи со состојба на 31.12.2023 година. Со извршената анализа на доставената документација за основот на искажаните побарувања како и од начинот на нивното евидентирање, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Агенцијата нема воспоставено евиденција на побарувањата за секој предмет судски пресуди одделно со податоци за: бројот и годината на правосилната пресуда и судот кој ја изрекол, назив на обвинетиот, видот на кривично и/или прекршочно дело, висината на имотот и/или имотна корист и неговата наплата, ниту има утврдено старосна структура на истите;

[6] „Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/05, 24/11 , 145/15 и 170/17

- доколку лицето доброволно не ја плати имотната корист во рокот даден во пресудата, Агенцијата согласно член 28-а од Законот, пристапува кон извршување на истата со барање на податоци во банки, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот Регистар, Централниот депозитар за хартии од вредност и други прави лица и државни органи од кои можат да се прибават податоци за имотот. Констатиравме дека по преземање на првично наведените активности за наплата на имотната корист, Агенцијата во наредниот период не презема дополнителни активности за ажурирање на податоците за состојбата на побарувањата и утврдување на дополнителни извори за нивна наплата во случаи кога нема континуитет во плаќањата, ниту пак потврдила дека должникот - правно лице е активен субјект или физичкото лице е живо и е финансиски способно;
- во отсуство на воспоставен систем на движење на документацијата (Точка 12.1. во Конечниот извештај на сметката на основен буџет- (637) на Агенцијата), констатиравме дека и побарувањата од пресудите за наплата на имотна корист во сметководствената евиденција не се евидентираат навремено и по хронолошки ред во периодот на нивното настанување;
- од страна на Секторот за правни работи беа доставени податоци за судски пресуди за конфискуван имот и имотна корист за периодот 2019 - 2023 година. Со анализа на податоците утврдивме дека 169.974 илјади денари не се искажани како побарувања во финансиската евиденција на субјектот по основ на правосилни судски пресуди за конфискувана имотна корист;
- не е извршено усогласување на вредноста на судските предмети со вредноста во сметководствената евиденција од страна на правниот и финансискиот сектор согласно одлука на УО во однос на Извештајот од спроведениот годишен попис за 2023 година (точка 3.1.1. погоре во овој извештај);

Наведениот начин на сметководствено евидентирање на побарувањата не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, и не овозможува целосно, навремено, ажурно, објективно и точно проценување на побарувањата и нивно реално презентирање во финансиските извештаи на ден 31.12.2023 година.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- воспоставување на евиденција за сите побарувања со сите неопходни податоци со соодветен подзаконски акт;
- утврдување на старосната структура на побарувањата, утврдување на нови извори за нивна наплата;
- навремено и хронолошко евидентирање на побарувањата во моментот на нивното настанување и

- усогласување на вредноста на судските предмети со искажаната вредност на побарувањата во сметководствената евиденција.

3.1.4. Согласно член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници, признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници се спроведува според сметководствено начело на парично искажување. Со увид и анализа на сметководствената документација утврдивме признавање на приходи спротивно на принципот на парично искажување, односно:

- во јануари 2023 година искажани се приходи во износ од 621 илјади денари по основ на продажби на моторни возила за кои уплатата на паричните средства од страна на купувачите е реализирана и наплатена во месец март 2022 година;
- на ден 01.01.2023 година во налогот за книжење на приходите направена е корекција „исправка на почетен налог" со која е извршено сторно/ намалување на сметките приходи и обврски за примени краткорочни депозити во износ од 2.320 илјади денари. За извршените корекции Агенцијата нема валиден сметководствен документ како доказ и основ за извршената корекција.

Наведените состојби не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници и влијае на реалноста и објективноста на искажаните приходи во Билансот на приходи и расходи.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- доследна примена на принципот на парично искажување на приходите во моментот на нивното настанување, односно кога се мерливи и
- секоја сметководствена промена во деловните книги да се врши врз основ на поткрепувачка документација.

## 3.2. Основ за воздржување од изразување на мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Извршивме анализа на остварените приходи од продажба на одземен имот и уплатените средства во Буџетот на државата реализирани од Агенцијата во период од 2011 до 30 септември 2024 година. Утврдените состојби се прикажани на Графикон 1.




Графикон 1: Остварени приходи и уплатени средства во Буџетот на РСМ

Од анализа на податоците во графиконот може да се констатира дека за периодот од 2011 година заклучно со 30.09.2024 година, Агенцијата има остварено вкупно приходи во износ од 1.649.956 илјади денари од кои во Буџетот на државата уплатени се средства во износ од 1.204.816 илјади денари односно 73% од вкупно остварените приходи, или во Буџетот на Република Северна Македонија уплатени помалку средства од 445.140 илјади денари.

Во истиот период од 2013 заклучно со 30.09.2024 година, од остварените приходи потрошени се вкупно 10.519 илјади денари по разни основи, а кои произлегуваат од редовното работење на Агенцијата прикажано во Табела 1.

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
## ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696)
## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

во 000 денари

| Расходи | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | заклучно со 30.09 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 421- Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт | | | | | | | | | | | 1.307 | |
| 423- Материјали и ситен инвентар | | | | | | | | | | | 93 | |
| 424-Поправки и тековно одржување | | | | | | | | | | | 52 | |
| 425-Договорни услуги | | | | | | | | | | 8 | 828 | 4 |
| 426-Други тековни расходи | 20 | | 1.060 | 1.171 | 219 | 27 | | 372 | 388 | 445 | 690 | 523 |
| 464-Други разни трансфери | | | | 92 | | | | 17 | | | 152 | 32 |
| 465-Исплата по извршни исправи | | | | | | | 87 | 293 | 362 | 390 | 1.649 | 238 |
| **Вкупно** | **20** | **0** | **1.060** | **1.263** | **219** | **27** | **87** | **682** | **750** | **843** | **4.771** | **797** |
| **Вкупно за период:** | **10.519** | | | | | | | | | | | |

Табела 1: Преглед на потрошени средства од депозитната сметка 696

Намената за која се потрошени 4.771 илјади денари во 2023 година е прикажано во Графикон 2:




Графикон 2: Намена на потрошени средства

Најголем дел од средствата, односно 35% или 1.649 илјади денари се исплати по основ на извршни исправи, а 17% за Договорни услуги (за надоместоци на УО - 324 илјади денари и за исплата на вработени со договор на дело - 411 илјади денари).

Согласно член 29 од Законот за буџети[7](исто како и со старото законско решение), буџетските корисници на централната власт и фондовите изготвуваат предлог на буџетско барање за своите активности опфатени во програми и потпрограми, согласно со упатствата и насоките содржани во буџетскиот циркулар за **основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности буџетот на донации, буџетот на заеми**. Депозитните сметки не се опфатени со буџетскиот циркулар, не се составен дел на Централниот буџет на Република Северна Македонија, не се планираат одливи и алокации по квартали, не се пријавуваат преземани обврски, а трансакциите не се предмет на следење и контрола од секторите Буџет и Трезор при Министерството за финансии.

Ваквиот начин на работење на Агенцијата, односно користењето на приходите од продажба на одземени предмети и недвижен имот по правосилни судски одлуки или управни акти за тековни потреби на Агенцијата не е во согласност со член 36 и член 50 од Законот кои упатуваат на обврска овие средства да бидат уплатени директно во Буџетот на Република Северна Македонија. Истото не е во согласност и со членовите 29 и 34 од Законот за буџети бидејќи предизвикува поголеми расходи во однос на максималните износи на одобрени средства по буџетски корисници на централната власт што секоја година ги утврдува Владата при планирањето на буџетот, како и незаконско користење на средствата кои требало да бидат уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија.
Истакнуваме дека како неискористени парични средства на сметката 696 на Агенцијата на ден 31.12.2022 година се 6.929 илјади денари, а на ден 31.12.2023 година неискористените парични средства се во износ од 40.721 илјади денари.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности:

- средствата од продажба на конфискуваниот имот и стоки веднаш да бидат уплатени во Буџетот на Република Северна Македонија и
- средствата на депозитната сметка да се користат за трансакции предвидени со Упатството за начинот на трезорско работење.[8]

3.2.2. Конфискуваните книжни и ковани пари во странска валута се предаваат на чување на НБРСМ со записник и со податоци за: валута, апоени, количина и износ[9]. Агенцијата и НБРСМ имаат склучено Договор[10] за отворање на

[7] Закон за Буџети „Службен весник на Република Северна Македонија" број 203/22 и 76/24
[8] „Службен весник на Република Македонија" број 219/18 и 187/23
[9] член 14 од Правилникот за постапување со одземен имот
[10] број 03-53/2 од 04.01.2023 година

девизна сметка на која сметка НБРСМ ги внесува привремено конфискуваните валути по претходно извршена проверка на нивната автентичност. Со член 4 од Договорот уредено е дека за остварените приливи и одливи, НБРСМ до Агенцијата ќе доставува извод за тековната состојба на сметката. На ревизијата не и беа дадени на увид доставените изводи од НБРСМ.

По барање на ревизијата, Агенцијата достави барање за конфирмација на салдото до НБРСМ, но до денот на известување, одговор не беше добиен.

Во отсуство на изводи за прометот и состојбата на девизната сметка, кои согласно точка 83 од Упатството за начинот на трезорско работење[8] се документација за следење и евидентирање на промените на сметките, ревизијата не беше во можност да го потврди износот на привремено одземените парични средства кои во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година се презентирани како вонбилансна евиденција, во вкупен износ од 84.882 илјади денари.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за обезбедување на изводите за прометот и состојбата на девизната сметка заради следење и евидентирање на промените на истата.

**Подзаконски акти**

3.2.3. Согласно одредбите од Законот, за поблиско уредување на начинот на постапување и евидентирање со одземениот имот, директорот и УО на Агенцијата биле должни да донесат неколку подзаконски акти:

- Правилник за постапување со одземен имот[11] (во натамошниот текст Правилникот);
- Правилник за начин на водење евиденција на податоци за одземен имот (член 6 став 2 од Законот и член 5 од Правилникот);
- Правилник за формата и содржината на образецот на записникот за одземениот имот, имотна корист и одземените предмети на Агенцијата (член 24 од Законот и член 4 од Правилникот);
- Правилник за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија на граѓани и фондации (член 51 од Законот);
- Правилник за постапување со недвижен имот (член 4 од Правилникот).

Утврдивме дека освен Правилникот од алинеја 1, другите подзаконски акти не се објавени во Службен весник што не е во согласност со член 3 од Законот

[11] „Службен весник на Република Македонија" број 115/13,141/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 168/23

за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија[12].

Исто така утврдивме дека освен Правилникот од точка 1, преостанатите подзаконски акти иако се објавени на веб страната на Агенцијата http://odzemenimot.gov.mk, истите не содржат архивски број и датум на нивно донесување, податок на која седница УО го донел актот, ниту пак се потпишани од претседателот на УО. Од страна на службите не ни беше обезбеден оригинален примерок од подзаконските акти од архивата на Агенцијата.

Горе наведените состојби не обезбедуваат сигурност дека управувањето со одземениот имот ќе се врши на начин дефиниран од УО, или пак ќе се врши на унифициран начин, ниту пак е овозможена транспарентност на Агенцијата пред јавноста како еден од принципите на добро владеење, односно информацијата не е лесно достапна за сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

Истакнуваме дека иако согласно член 78 од Законот од 2024, Агенцијата била должна да ги донесе подзаконските акти во рок од три месеци од влегување во сила на законот, односно до 26.06.2024 година. До денот на спроведување на ревизијата истите не се донесени.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- носење на сите предвидени подзаконски акти согласно Законот од 2024;
- уредно заверување, потпишување, архивирање и објавување на донесените акти на веб страната и
- навремено објавување во Службен весник.

**Процена на одземен имот и стоки**

3.2.4. Една од надлежностите на Агенцијата е да врши проценка на целокупниот конфискуван имот. Согласно член 27 од Законот, процената се врши веднаш по предавањето на одземените предмети, имот и имотна корист, а за висината на проценетата вредност Агенцијата го известува надлежниот суд, јавното обвинителство, Државното правобранителство, друг надлежен орган и лицето од кого е одземен предметот.

Утврдивме дека Агенцијата не ја исполнува оваа надлежност, односно не постапува согласно наведениот член, а од спроведените интервјуа со одговорните лица како причини наведени се следниве состојби:

[12] „Службен весник на Република Македонија" број 56/99 и 43/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 21/21

- овластени проценители од Бирото за судски вештачења, кои согласно член 31-а од Законот за процена[13], услугата за државните органи ја вршат без надоместок, ги проценуваат само одземените предмети и имот кој е наменет за продажба и тоа со задоцнување од неколку месеци;
- не се ангажираат овластени проценители поради не доволно финансиски средства во Буџетот на Агенцијата;
- со исклучок, кога се врши отстапување на моторни возила на други државни органи, проценка на нивната вредност врши комисија формирана од страна на одговорното лице на Агенцијата, која проценка се врши без донесен акт/методологија со пропишани критериуми за проценка на вредноста на одземените моторни возила;
- поради неизвршена проценка на одземените предмети, Агенцијата не ги известува претходно наведените органи од член 27 од Законот.

Наведената состојба е причина за ненавремено и нецелосно евидентирање на одземените предмети и имотот во сметководствената евиденција, за нивно нереално и необјективно искажување во финансиските извешти на Агенцијата кои треба да презентираат реални и објективни податоци за вредноста на имотот на државата, со цел носење на соодветни одлуки од надлежните институции.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за обезбедување на финансиски средства со цел вршење на проценка на вредноста на конфискуваниот недвижен и движен имот во моментот на нивното преземање и евидентирање вредноста во материјалната и финансиска евиденција.

**Прием и евиденција на одземени предмети**

3.2.5. Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка предвидува начинот на вршење на приемот на одземените предмети и начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот со подзаконски акти да го уреди УО на Агенцијата.

Со увид во обезбедената документација и евиденцијата во магацините во Тетово, Гевгелија, Идризово и Миладиновци ги утврдивме следниве состојби:

- Поради утврдените состојби во точката 3.2.3. погоре, не бевме во можност да потврдиме дека обрасците за прием на одземениот имот, имотна корист и одземени предмети што се применуваат ги обезбедуваат неопходните податоци, информации и докази за негова целосна евиденција:

[13] „Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16

- најголем дел од записниците за примо-предавање на конфискувана стока не ги содржат сите податоци пропишани со член 4 став 1 од претходно наведениот Правилник и тоа: детален опис на имотот (вид, марка, тип, производство, состав, материјал, боја, состојба во која се примаат и сл.); податоци за лицето од кое се одзема стоката и институцијата која донела одлука за одземање, со број на предмет или постапка; состојба во која се прима; процена на вредноста утврдена од овластен проценител, фотографии како и видео снимки, по можност;
- во февруари 2023 година од страна на посебно формирана комисија, извршено е уништување на одземени предмети кои се наоѓаат во магацините во Гевгелија, Тетово и Идризово. Освен за магацинот во Гевгелија, на ревизијата не и беше презентирана документација-записник за извршено примо-предавање на одземената стока помеѓу одговорното лице на магацинот и вработен во Агенцијата кој ја преземал стоката за уништување, ниту пак истата е искажана во материјалната и финансиската евиденција;
- со член 6 од претходно наведениот Правилник предвидено е да се врши проверка на записниците со цел преземање на мерки за доведување на податоците во правилна состојба при констатирање на неправилности. Утврдивме дека проверка не се врши поради непополнето работно место раководител на одделение за продажба и управување со одземен имот, а контрола не се спроведува ниту од страна на раководителот на сектор за оперативно работење, одговорен за целокупното управување со одземениот недвижен и движен имот;
- дел од записниците за извршениот прием на стоката во магацините не се приложени во архивата на Агенцијата што не е во согласност со член 5 од Правилникот каде е утврдено дека секој записник треба да се приложува во предметот (архивата) во седиштето на субјектот.

➢ Поради утврдените состојби во точката 3.2.3. погоре, не бевме во можност да потврдиме дека воспоставената евиденција за одземениот имот, имотна корист и одземени предмети се доволни и овозможуваат органите на управување и раководење на Агенцијата, а последователно и Владата да носат соодветни одлуки за негово управување:
    - Агенцијата има воспоставено евиденции кои се водат во Excel документи поделени за пет категории на конечно и привремено одземени предмети и тоа: тутун, алкохол и цигари; разни предмети; моторни возила; оружје и наркотици. При тоа, воспоставената евиденција за привремено и конечно одземените предмети содржи само дел од податоците пропишани со член 4 и 5 од Правилникот за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот на Агенцијата и тоа: број на предмет и датум на прием на предметите, датум на преземање, сместување и локација каде се наоѓаат (склад на Агенцијата),

но не и податоци за предавач на предметите и назив на институцијата која ги одзема, правен основ за привремено или трајно одземен имотот, податоци за лицето од кое се одзема предметите, одлука за крајниот исход на привремено одземениот предмет (вратен на сопственикот или одземен со правосилна пресуда) или решение како е постапено со трајно одземениот имот (дали е продаден со јавно наддавање или е отстапен без надоместок) како и проценка на пазарната вредност на одземениот имот при преземање и при продавање;

- евиденција на одземениот движен имот водат Одделението за преземање и евиденција на одземен имот, Секторот за финансиски прашања низ материјалната сметководствена евиденција и Секторот за правни работи преку судските предмети, секој за свои потреби кои не вршат меѓусебно усогласување.

Наведените состојби упатуваат дека Агенцијата не ги исполнува доделените законски надлежности предвидени со член 6 од Законот што влијае на обезбедување на целосни, валидни и објективни податоци за имотот со кој управува и што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради што не се обезбедени целосни и релевантни податоци за имотот со кој располага Владата со цел носење одлуки во однос на неговото располагање.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за воспоставување механизми за обезбедување релевантни, навремени и точни информации за имотот и предметите со кои управува Агенцијата.

3.2.6. Согласно член 7 од Правилникот за постапување со одземен имот[10] доколку поради оправдани причини преземањето на конечно одземените предмети не може да се изврши веднаш од страна на Агенцијата, извршителите на Агенцијата, телефонски или преку е-маил се должни да ја известат институцијата која го одзела предметот и да му наложи на одговорното лице привремено да го чува имотот во нивните магацински простори. Со член 11 од истиот Правилник, предвидено е при преземањето на овие предмети, повторно да се состави нов записник.

Со примена на ревизорски техники и анализа на податоци од други извори утврдивме состојби кои упатуваат дека Агенцијата не ги применува процедурите пропишани со Правилникот, имено:

- од доставените податоци за 144 отстапени моторни возила во 2023 година утврдивме дека 49% односно 70 од возилата при нивното доделување биле лоцирани кај друг државен субјект;
    - ✓ до Царинска управа на Република Северна Македонија доставивме барање за конфирмација за обезбедување на ревизорски докази за одземени моторни возила кои не се предадени на Агенцијата поради

непостоење на услови за нивно преземање. Од страна на Царинска управа доставени се податоци за вкупно 46 моторни возила и приклучна опрема кои заклучно со 31.12.2023 година се наоѓаат во царинските испостави без процената вредност.

- ✓ податоците добиени од МВР за одземени моторни возила кои се наоѓаат на нивни локации, односно не се предадени на Агенцијата поради непостоење на услови за нивно преземање упатуваат дека Агенцијата нема податоци и информации за:
  - 600 патнички возила;
  - 35 товарни моторни возила;
  - 54 мопеди

  сместени на 26 локации во МВР од кои само за 35 возила е извршена проценка на вредност. (Прилог број 1)

- ➢ исто така до МВР доставивме барање за потврдување на состојбата со запленетото оружје и наркотични средства, но до денот на известување не добивме повратни информации.

Од претходно наведеното ревизијата утврди дека за одземените предмети за кои Агенцијата нема услови веднаш да ги преземе во своите магацини, не се води евиденција со податоци за видот на движниот имот и субјектот каде тие локациски се наоѓаат, ниту пак се врши попис на истите. Истите не се евидентираат ниту во материјална и финансиска евиденција на Агенцијата, се до моментот до донесување одлука за отстапување или продавање на одземениот предмет.

Наведената состојба не е во согласност со член 6 од Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка поради што Агенцијата не е обезбедила целосни и точни податоци за конфискуваниот имот на Република Северна Македонија.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за воспоставување евиденција со целосни и точни податоци за вредноста, состојбата и локацијата за конфискуваниот движен имот за кој Агенцијата нема услови веднаш да го преземе.

**Управување со недвижен имот**

3.2.7. Одземен недвижен имот со правосилна судска пресуда по претходно донесена одлука од Владата може да се отстапи на друг државен орган, да се продаде или да се даде под закуп.

Во отсуство на воспоставена материјална евиденција и не можност да ја потврдиме целосноста на евидентираниот конфискуван имот во сопственост на Агенцијата, односно државата, извршивме увид и анализа во начинот на

управување со 122 конфискувани недвижности за кои Агенцијата има обезбедено имотни листови, при што го констатиравме следново:

- Конфискуваниот недвижен имот со кој располага Агенцијата, односно Владата е со различна сопственост прикажан во Графикон 4.




Графикон 4: Сопственост на конфискуван недвижен имот

- Агенцијата нема воспоставено пракса да ја известува Владата заради носење одлука за негово отстапување на друг државен орган без надомест, иако таква можност е уредена со член 31 од Законот;
- во период од 2021 до 2023 година извршена е продажба на 22 недвижности и остварени се приходи во вкупен износ од 90.242 илјади денари, по претходно донесени одлуки на Владата. Утврдивме дека Агенцијата нема донесено интерен акт за утврдување критериуми за изборот на недвижниот имот што ќе се предложи на Владата за продажба. Доставените предлози до Владата за негова продажба не содржат анализи и утврдени критериуми врз основ на кои е извршен изборот за неговата продажба, со што оставена е можност од субјективно одлучување при изборот за продажба на истиот, можност од намалување на неговата вредност и зголемување на трошоците за неговото одржување. Од одговорните лица во Агенцијата бевме известени дека како предлог за продажба до Владата се доставуваат недвижностите за кои е извршена проценка на нивната вредност.
  Со Законот од 2024 предвидено е продажбата на одземените предмети да се врши според редоследот на доставување на правосилните одлуки во Агенцијата;
- со член 38-а од Законот предвидена е можноста одземениот недвижен имот Агенцијата да го даде под закуп со јавно наддавање. Утврдивме дека оваа мерка не се практикува во работењето на Агенцијата и покрај тоа што

62 недвижности, односно 51% од вкупниот имот е со воспоставена хипотека или со заедничка сопственост чија продажба е посложена или оневозможена.

Воспоставената пракса на располагање и управување со недвижниот имот од страна на Агенцијата не овозможува исполнување на основната надлежност на Агенцијата, односно остварување приходи во Буџетот на Република Северна Македонија од конфискуван имот.

**Препорака**
Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за спроведување постапки во однос на недвижниот имот согласно одредбите на Законот од 2024 година.

**Отстапување на движен имот - моторни возила и разни предмети**

3.2.8. Согласно член 51-а од Законот, Агенцијата е должна во рок од два дена од добиеното известување од судот или органот кој донел одлука за одземање, да ги извести државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи, независните регулаторни тела, трговските друштва основани од Република Северна Македонија како и единиците на локална самоуправа за видот на преземените предмети, а со цел доставување на барања и добивање имот кој им е потребен. По доставено барање од државните органи и други институции за потреба од движен имот, врз основа на одлука од УО за нивно отстапување, директорот на Агенцијата носи решение за отстапување на одземените предмети со правосилна пресуда, за што Владата дава согласност.

Во 2023 година, Владата има донесено 169 одлуки за отстапување на трајно одземени предмети со правосилни пресуди на други државни органи, и тоа:
- 144 одлуки за отстапување на моторни возила со проценета вредност од 22.034 илјади денари и
- 25 одлуки за отстапување на разна стока (текстил, школски прибор, медицински средства) со проценета вредност од 18.028 илјади денари.

Со увид во обезбедената документација ги утврдивме следниве состојби:
- Агенцијата нема воспоставена пракса за редовно известување до државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавни установи, независните регулаторни тела, трговските друштва основани од Република Северна Македонија и единиците на локална самоуправа за видот на преземените предмети, поради што институциите не добиваат информации со кои предмети располага Агенцијата како би можеле да доставаат барања за преотстапување;

- Агенцијата не располага со податоци за вкупниот број на примени барања од државни органи и други институции бидејќи не врши евидентирање според видот на предмети што се бараат ниту пак со писмен допис го известува субјектот доколку не располага со бараните предмети;
- отстапувањето на моторните возила е уредено со Правилник за критериуми за отстапување на одземени предмети - возила со кои управува Агенцијата за управување со одземен имот[14]. Согласно одредбите од Правилникот, отстапувањето на возилата се врши врз основа на утврдени бодови кои произлегуваат од неколку елементи: класификација и карактеристики на возилото (ниска, средна и висока класа), видот на институцијата и лицето за чии потреби е поднесено барањето (возилата од повисока класа се предвидени за функционерите, додека оние од пониска класа за вработените лица во конкретната институција). Предност при одлучување и отстапување возила имаат оние институции на кои не им е отстапено возило. Со увид во приложената документација утврдивме дека отстапувањето на возилата се врши без примена на критериумите утврдени во Правилникот, односно возилата се распределуваат без да се има предвид нивната класификација и карактеристики, ниту пак од страна на Агенцијата се применува право на предност при отстапување на возила за оние институции на кои не им било отстапено возило. Исто така утврдивме дека дел од институциите на кои им биле отстапени моторни возила, не извршиле нивно преземање;
- во ноември 2023 година, директорот на Агенцијата има донесено решенија за отстапување на трајно одземени предмети (обувки, училишен прибор, облека, опрема) на општински основни училишта, со проценета вредност од 18.028 илјади денари, а за кои Владата, во февруари 2024 година има донесено Одлуки за давање на согласност на истите. Утврдивме дека:
  - дел од одземените предмети, во вредност од 11.719 илјади денари (Прилог број 2) се отстапени во декември 2023 година, односно два месеца пред Владата да ги донесе потребните одлуки;
  - до денот на вршење на ревизијата Агенцијата нема постапено по шест (6) Одлуки на Владата, односно не извршила предавање на одземените предмети чија проценета вредност изнесува 6.309 илјади денари. (Прилог број 3);
- во отсуство на воспоставена комуникација меѓу Агенцијата за предметите со кои располага и евиденција на барањата/потребите од државните органи и институции, се доведува во прашање објективноста на начинот на кој субјектите добиле одземени предмети.

[14] „Службен весник на Република Македонија" број 42 /19

Воспоставената пракса на отстапување на конфискувани предмети од страна на Агенцијата не овозможува навремена размена на информации со засегнатите страни поради што постои субјективност во носењето на одлуките и нерамноправност на институциите за користење конфискувани предмети.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за спроведување постапки во однос на отстапување на конфискувани предмети согласно одредбите на Законот од 2024.

**Складирање и чување на трајно и привремено одземен движен имот**

3.2.9. Една од надлежностите на Агенцијата е да го чува и складира одземениот имот. За оваа цел, Агенцијата располага со плацови и магацински простории лоцирани во Скопје (Идризово и Миладиновци), Тетово и Гевгелија. Извршивме увид во состојбата на самите објекти како и на предметите кои се чуваат во нив, и од интервјуата со одговорните лица на магацините ги утврдивме следниве состојби:

- со Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата[15] не е предвидено работно место магационер, лице одговорно за прием, складирање, издавање, следење и водење на евиденција за конфискуваниот и времено одземениот движен имот. Наведените активности, со делегирани овластувања од директорот се извршуваат од страна на помошно технички персонал-чувари (лица со основно образование), освен за магацинот во Тетово каде како одговорно лице за магацинот е вработен - виш соработник;
- на вработените лица - чувари не им е доделена соодветна заштитна опрема што создава ризик од неизвршување на основната цел обезбедување на имотот и заштита од уништување, оштетување, противправно присвојување и одземање на конфискуваниот имот;

[15] Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот број 01-4470/2 од 07.10.2015; 01-4470/5 од 13.11.2015; 01-503/1 од 23.02.2016; 01-503/4 од 04.04.2016; 01-3817/1 од 17.08.2018; 01-5471/1 од 19.12.2019; 01-3472/1 од 09.12.2020; 01-4184/1 од 04.11.2021; 01-2840/1 од 20.07.2021; 01-4820/1 од 07.12.2022

- магацинските простории не се заштитени со соодветни електро - технички средства и опрема (безбедносна ограда околу објектите, електронски системи, аларми, сензори за детектирање движење, камери за видеонадзор), со цел откривање и спречување противправни дејствија и активности;



- складовите и магацинските простории не ги исполнуваат основните услови неопходни за заштита на посебните видови на стоки (лекови, запаливи предмети, текстил, мебел, обувки, храна, моторни возила) од пожар, влага, екстремни температурни промени, штетници и слично;





- дел од магацините и плацовите имаат застарена и неупотреблива опрема (виљушкари) за управување со одземената стока и не располагаат со опрема неопходна за транспортирање на одземени моторни возила;
- запленетите предмети не се распоредени според видот, по година на прием и датум на траење, разграничување на конечно од привремено одземени предмети;

- најголем дел од одземените моторните возила се чуваат на плацот во Миладиновци, но и во дворните места на останатите магацински складови подолго од 7-8 години.
  Не се создадени соодветни услови за нивно чување поради што најголем дел од истите се обраснати со вегетација, не се во возна состојба и се оштетени како од надворешните временски услови, така и од кражби;






- голем дел од предметите и возилата се неупотребливи бидејќи се чуваат долг период поради долготрајност на судските постапки и не донесени конечни судски пресуди.
  Поради нивната неупотребливост и предметите кои имаат конечна судска пресуда не можат ниту да се продадат, ниту да се преотстапат на други органи.



Како причина за ова е фактот што во последните 10-тина години не се искористени во целост дадените законски можности за:

- продажба и отстапување на конфискуваниот движен имот и предмети согласно членовите 34, 50 и 52 од Законот;
- Агенцијата не ги користи механизмите предвидени со член 48 став 2 од Законот[16] и член 42 и 43 од Правилник за постапување со одземен имот односно продажба на времено одземени предмети;
- не се врши континуирано отстапување без надоместок на одредени предмети како храна, облека, обувки и безалкохолни пијалаци на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија на граѓани и фондации уредено со член 51 Законот и член 27 став 1 од Правилникот за постапување со одземен имот.

Состојбата на магацините, плацовите и движниот имот е прикажана на сликите во Прилог број 4.

Наведените состојби не овозможуваат заштита на одземениот имот од уништување, не спречуваат намалување и губење на неговата вредност и не создаваат услови за исполнување на начелото на економично, законито, ефикасно, ефективно, транспарентно, со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност и професионалност при управувањето со имотот предвидени со член 29 од Законот, што влијае на помалку остварени приходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

[16] Агенцијата со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична постапка ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот во кривична постапка доколку процени дека со чувањето на имотот се намалува неговата вредност или трошоците за негово чување се несразмерно големи. Барањето за претходна согласност за продажба и отстапување, Агенцијата го доставува до судот кој донел одлука за привремено одземање подвижен имот во кривична постапка во рок од десет дена од денот на известувањето за привремено одземениот подвижен имот во кривична постапка.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за обезбедување на:

- магацинските простории и складови со цел заштита на конфискуваниот движен имот од уништување и намалување на вредноста, како и од кражби и други противправни дејствија;
- соодветна заштитна опрема на помошно техничкиот персонал задолжен за обезбедување и чување на магацинските складови и плацови;
- спроведување постапки во однос на отстапување на конфискуван имот согласно одредбите на Законот од 2024 година.

**Транспарентноста на постапката за продажба на имот**

3.2.10. Со член 44 од Законот од 2024 година уредена е транспарентноста на постапката за продажба на недвижен имот, одземени предмети и конфискуван имот. Исто како и со старото законско решение, заклучоците за продажба на имотот базирани на одлуките за продажба на одземени предмети и конфискуван имот[17] покрај обврската да се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија и во најмалку два дневни весника, истите треба да се објават и на веб-страницата на Агенцијата.

Утврдивме дека актуелната веб-страница на Агенцијата не нуди навремени и целосни информации за видот и состојбата на имотот предмет на продажба поради состојбите истакнати во Точка 4.3. во Извештајот од извршената ревизија за сметката ( 637) (Веб страната на Агенцијата е постара верзија и заедно со системот на продажба се во континуирани состојби на грешки, чести паѓања на веб порталот, некогаш јавно недостапни дури и за време на јавно наддавање) .

Наведената состојба придонесува за ненавремено информирање на јавноста и ограничена достапност на информацијата до голема група заинтересирани страни за претстојните продажби на одземен имот и предмети, и влијае на висината на приходите што може да се остварат во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за навремено и детално информирање на јавноста за продажбите на предмети и имот преку веб страната

[17] Член 42 од законот: „Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот кој се состои од движни ствари донесува Управниот одбор на Агенцијата, на предлог на директорот. Одлука за продажба на одземени предмети и конфискуван имот кој се состои од недвижни ствари донесува Владата на Република Северна Македонија. "

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Со член 33 од Законот од 2024 предвидено е Агенцијата во рок од една година од негово влегување во сила, односно до 27.03.2025 година, да воспостави електронски регистар за привремено одземените имот и предмети и за конфискуваните имот и предмети со податоци за органот и основата за одземање или конфискација, проценетата вредност, место и начин на чување, опис на имотот, начин на управување и располагање, како механизам за евиденција и начин на комуникација со заинтересирани страни и известување за предметите со кои располага Агенцијата, а кои можат да бидат предмет на продажба или отстапување.

Ова е особено значајно поради фактот што со член 40 од Законот од 2024, конфискуваниот имот и одземените предмети треба веднаш да се понудат на продажба. Доколку по две или три неуспешни продажби предметот не може да се продаде, дури тогаш истите согласно член 48 се отстапуваат, се даваат под закуп или се уништуваат, на начин предвиден со истиот.

Имајќи ги во предвид утврдените состојби во Агенцијата со овој извештај, не воспоставениот начин на информирање на заинтересирани страни за имотот и предметите со кои располага Агенцијата (Точка 3.2.8. погоре во овој извештај), како и состојбите во извештајот за сметката на основен буџет (637) на Агенцијата поврзани со финансиските, човечките и техничките ресурси, сметаме за потребно да истакнеме, дека е потребно да се овозможи значајна поддршка на Агенцијата како би можела да се реализира оваа надлежност како предуслов за продажба на одземениот имот, а со тоа и остварување на приходи во Буџетот.

Воспоставувањето на електронска евиденција, можноста на вмрежување на што поголем број заинтересирани страни, голема видливост и функционална веб страна на Агенцијата, во голема мерка би придонеле Агенцијата навремено да информира за имотот со кој располага, навремено да се врши продажба на конфискуваниот имот и одземените предмети, а заинтересираните страни навремено да можат да се стекнат со потребни средства без финансиски импликации.

4.2. Со одредбите од старото законско решение, беше уредено дека одлуката на суд или друг орган за одземање имот ја извршува Агенцијата (член 28), а со член 28-а беше предвидена можност за плаќање на рати по претходно склучена спогодба со директорот на Агенцијата.
Новото законско решение не предвидува повеќе ваков начин на наплата на имотна корист. Со член 59 од Законот од 2024, превидено е Агенцијата, по приемот на правосилната пресуда да пристапи кон извршување на истата на начин што од Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Централниот депозитар за хартии од вредност

и од други правни лица и државни органи прибавува податоци за сопственоста или правото за управување со имотот. При тоа конфискација се врши само на парични средства кои се еквивалент на вредноста со имотот што се конфискува со правосилната пресуда.

Доколку пронајдените парични средства не се во висина на износот со правосилната пресуда, или пронајде друг имот што не се состои во парични средства еквивалентни со вредноста на имотната корист, Агенцијата задолжително ги известува јавниот обвинител и судот кој ја донел правосилната пресуда согласно со Законот за кривична постапка.

Поради постоење на ризик при наплата на имотна корист, ревизијата укажува на потребата Агенцијата да воспостави зајакната соработка со јавниот обвинител и судовите како би се остварило нивно навремено и ефективно постапување и носење дополнети или изменети пресуди за утврдување нов извор за конфискација на имотна корист.

## 5. Останати прашања

5.1. По основ на остварени приходи за продажба на недвижен и движен имот, Агенцијата како даночен обврзник пресметува и врши уплата на ДДВ. Со член 9 став 1 од Законот за додадена вредност пропишано е дека даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност, а согласно член 10 став 2 од истиот закон дека „Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и другите јавно-правни тела се даночни обврзници во случаите, доколку во рамките на одредена стопанска дејност вршат промет, кој според овој закон е оданочив кај другите даночни обврзници.

Имајќи предвид дека продажбата на конфискуваниот имот и одземените предмети Агенцијата ја врши согласно член 6 алинеја 7 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, кои приходи согласно член 50 од истиот закон се приход во Буџетот на државата, произлегува дека Агенцијата не врши стопанска дејност предвидена со Законот за данок на додадена вредност.

Ја истакнуваме потребата Агенцијата да покрене инцијатива пред Управата за јавни приходи за преиспитување на статусот на Агенцијата како даночен обврзник за ДДВ.

5.2. Иако за транспарентноста на постапката за продажба на недвижен имот, одземени предмети и конфискуван имот утврдени се и обелоденети се одредени состојби (Точка 3.2.10. во овој извештај), укажуваме дека законското решение, заклучоците за продажба на имотот да се објавуваат во Службен весник на Република Северна Македонија и во најмалку два дневни весника, од кои еден

кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб-страницата на Агенцијата, не може да овозможи навремена и широка достапност на информациите до јавноста и заинтересираните страни бидејќи:

- физичките лица немаат слободен пристап до изданијата на Службен весник;
- тиражот на дневни весници од година во година се намалува и не може да обезбеди достапност на информациите до јавноста видно од базата на податоци МакСтат[18].

| | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на наслови | Тираж | Број на наслови | Тираж | Број на наслови | Тираж | Број на наслови | Тираж | Број на наслови | Тираж | Број на наслови | Тираж |
| Македонски | 2 | 5176 | 2 | 4589 | 2 | 3858 | 3 | 4847 | 2 | 3368 | 3 | 3828 |
| Албански | 1 | 1475 | - | - | 1 | 1475 | - | - | 1 | 1184 | 1 | 592 |
| На повеќе јазици | 1 | 2100 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно** | **4** | **8751** | **2** | **4589** | **3** | **5333** | **3** | **4847** | **3** | **4552** | **4** | **4420** |

Од таа причина ревизијата смета дека е потребно да се изнајдат нови решенија во однос на навремено известување на што поголем број заинтересирани страни при продажба на имотот, како и користење на Националната платформа за интероперабилност на државните органи.

5.3. Со измени и дополнување на Упатството за начинот на трезорско работење[8] од септември 2023 година, пропишано е:

*„Во случај на целосен или делумен недостиг на средства за извршување на налозите за извршување со кои се задолжуваат сметките на буџетските корисници и сметките на буџетот на фондовите, Трезорот налозите ги извршува во висина на расположливите средства на сметките на должникот, ..................., освен сметките на буџетот на донации, сметките на буџетот на заеми, преодните сметки, наменски сметки,* ***депозитните сметки*** *и уплатните сметки, кои се сметки нерасположливи за извршување„.*

Ревизијата констатира дека и по измените на Упатството за начинот на трезорското работење, во периодот од септември 2023 година, заклучно со 30.09.2024 од депозитната сметка (696) извршени се исплати по извршни решенија во вкупен износ од 1.263 илјади денари.

[18]https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Kultura__IzdavackaDejnost__VesniciSpisanija/375_KulP2_ML_T5JazVre_ml.px/table/tableViewLayout2/

Укажуваме Министерство за финансии доследно да ги применува интерните акти што ги донесува и средствата од депозитната сметка (696) да не се користат за исплати по извршни решенија.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.07.2024 до 15.10.2024 година, кај Агенција за управување со одземен имот, сметка на основен буџет (696), од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Катица Николовска, помошник на главниот државен ревизор (со овластување) и овластен државен ревизор;
- Мумин Абдулаи, раководител на ревизија (со овластување)
- Дијана Дејаноска Петковска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Сашко Груевски, самостоен ревизор;
- Јулијана Андонова, виш ревизор и
- Арјета Мамути, ревизор.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година (претходно извршена ревизија) при што изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Агенција за управување со одземен имот застапувано од:

- Фатон Асани – директор од 06.03.2018 до 09.03.2023 година и
- м-р Дритон Небиу – директор од 09.03.2023 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно

презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи и тоа:

- Со налог за книжење број 01 од 01.01.2024 година, поради двојно евидентирање на вредноста на издадени материјали од магацин, извршени се корекции на сметките Залиха на стоки и Останат капитал. Вкупниот ефект од извршените корекции се намалување на активата и пасивата за 9.890 илјади денари.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата за управување со одземен имот одржан на ден 19.11.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се идентични забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенција за управување со одземен имот и тоа:

- од м-р Дритон Небиу, законски застапник на Агенцијата за управување со одземен имот за периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија број 10-166/1 од 28.01.2025 година и

- број 05-414/1 од 23.01.2025 доставени од г-ѓа Ирена Илиевска, вршител на должност директор на Агенција за управување со одземен имот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/2 од 28.01.2025 година.

Забелешките на точките 3.1.3 алинеја 2 и 3.2.7 алинеја 2 не се прифаќаат бидејќи дополнително доставената документација не ја оспорува утврдената состојба. Забелешката на утврдената состојба во точка 3.2.8. алинеја 2 делумно се прифаќа и истата е соодветно изменета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

**Агенција за управување со одземен имот**
**депозитна сметка (696)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 138.568 | 401.175 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 6.929 | 3.576 |
| **Вкупно приходи** | | **145.497** | **404.751** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 2.969 | 453 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 101.807 | 397.369 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **104.776** | **397.822** |
| **Вкупно расходи** | | **104.776** | **397.822** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.3** | **40.721** | **6.929** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.4** | **40.721** | **6.929** |

**Агенција за управување со одземен имот**
**депозитна сметка (696)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 40.721 | 6.929 |
| Побарувања | 4.1.2 | 4.852.251 | 4.859.754 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 512 | 16 |
| Залихи | 4.1.4 | 1.648.337 | 1.640.321 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.541.821** | **6.507.020** |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.1 | 80.595 | 80.562 |
| **Вкупно постојани средства** | | **80.595** | **80.562** |
| **Вкупна актива** | | **6.622.416** | **6.587.582** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 0 | 3 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.1 | 512 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 4.892.972 | 4.866.697 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.893.484** | **4.866.700** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 1.728.932 | 1.720.882 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.728.932** | **1.720.882** |
| **Вкупна пасива** | | **6.622.416** | **6.587.582** |
| **Вонбилансна евиденција** | **4.5** | **84.882** | **13.648** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

Агенција за управување со одземен имот
депозитна сметка (696)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2023 година** | **1.675.917** | **44.965** | **1.720.882** |
| **Зголемување по основ на:** | **34** | **36.526** | **36.560** |
| Конфискуван движен имот | - | 26.636 | **26.636** |
| Одземени хартии од вредност – акции од домашни правни лица | 34 | | **34** |
| Корекции во текот на ревизијата | | 9.890 | **9.890** |
| **Намалување по основ на:** | - | **28.510** | **28.510** |
| Отстапен конфикуван движен имот | | 28.510 | **28.510** |
| **Состојба 31.12.2023 година** | **1.675.951** | **52.981** | **1.728.932** |

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за управување со одземен имот е буџетски корисник, кој во рамките на Буџетот на РСМ има АУОИ има отворено и депозитна сметка 040136140969619 на која во текот на 2023 година остварени се приходи по основ на продажба на недвижен и движен конфискуван имот и одземените парични средства по конечни судски пресуди.

Овластени потписници на депозитната сметка 696 на Агенцијата за управување со одземен имот во 2023 година се:

Овластени потписници на сметката се:

- Фатон Асани – директор од 03.08.2017 до 09.03.2023 година и
- м-р Дритон Небиу – директор од 09.03.2023 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Признавање на приходи и расходи

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи Агенција за управување со одемен имот – депозитна сметка (696) во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Агенција за управување со одемен имот – депозитна сметка (696) води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.7. Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката

2.8. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

2.9. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Неданочни приходи

Неданочните приходи во 2023 година се проценети во вкупен износ од 138.568 илјади денари (во 2022 година – 401.175 илјади денари) и истите се остварени по основ на:

- глоби, судски и административни такси и ги опфаќаат приходите оставарени по основ на продажба на трајно одземен подвижен и недвиже имоти и
- други неданочни приходи се однесуваат за приходи по основ на одземените парични средства по конечни судски пресуди.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Глоби, судски и административни такси | 98.794 | 15.582 |
| Други неданочни приходи | 39.774 | 385.593 |
| **Вкупно:** | **138.568** | **401.175** |

**3.2.1. Трансфери и донации**

Оваа позиција е проценета во висина на остварениот вишок на приходи кој произлегува од неискористените парични средства во износ од 6.929 илјади денари (во 2022 година – 3.576 илјади денари).

**3.2. Расходи**

**Тековни расходи**

**3.2.1. Стоки и услуги**

За набавка на стоки и услуги во 2023 година, од страна на буџетскиот корисник потрошени се средства во износ од 2.969 илјади денари (во 2022 година – 453 илјади денари) и тоа:

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, други комунални такси и услуги, пошта, телефон и телефакс, други трошоци за комуникација,горива и масла (моторни масла) и регистрација на моторни возила (резервни делови и гуми);
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат: списанија, весници и други изданија за кориситење од страна на вработените, други аминистративни материјали, прехрамбени продукти и пијалоци и други материјли;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат трошоци за: поправка на други возила, одржување на згради и поправка и одржување софтверска и хардверска опрема;
- договорни услуги, кои опфаќаат: провизија за платен промет, осигурување на моторни возил, услуги за копирање, печатење и издавање, научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) и други договорни услуги и
- други тековни расходи, кои опфаќаат: трошоци за репрезентација, објавување на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.308 | 0 | 0 |
| Материјали и ситен инвентар | 93 | 0 | 0 |
| Поправки и тековно одржување | 51 | 0 | 0 |
| Договорни услуги | 827 | 8 | 0 |
| Други тековни расходи | 690 | 445 | 0 |
| **Вкупно:** | **2.969** | **453** | - |

### 3.2.2. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина од 101.807 илјада денари (во 2022 година-397.369 илјади денари), и се однесува за:

- разни трасфери кои се однесуваат на трансфери при пензионирање и уплата на средства во Буџетот на државата од остверните приходи од продажба на конфискуван имот и
- исплата по извршни исправи која опфаќа плаќање на главен долг и трошоци по извршни исправи и трошоци по судски порамнувања.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Разни трансфери | 100.158 | 396.979 | 0 |
| Исплата по извршни исправи | 1.649 | 390 | 0 |
| **Вкупно:** | **101.807** | **397.369** | - |

### 3.3. Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување

Оваа позиција е проценета во висина на 40.721 илјади денари (во 2022 година – 6.929 илјади денари) како разлика помеѓу приходите и расходите за 2023 година, односно не уплатени средства во Буџетот на РСМ.

### 3.4. Нето вишок на приходи - добивка по оданочување

Оваа позиција е проценета во висина на 40.721 илјади денари (во 2022 година – 6.929 илјади денари) кои се однесуваат на нето вишок на приходи – добивка по оданочување.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ од 40.721 илјади денари (во 2022 година – 6.929 илјади денари) и ги опфаќа паричните средства на сметката на ден 31.12.2023 година.

#### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција во износ од 4.852.251 илјади денари (во 2022 година – 4.859.754 илјади денари) е проценета во висина на ненаплатените побарувања од физчки и правни лица по основ на правосилни судски пресуди.

#### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 512 илјади денари (во 2022 година – 16 илјади денари) и се однесува на обврски спрема државата и други институции.

#### 4.1.4. Залихи

Позицијата залихи по спроведени корекции во текот на ревизијата е проценета во вкупен износ од 1.648.337 илјади денари (во 2022 година – 1.640.321 илјади денари) и се однесува на вредност на одземени предмети со правосилни судски пресуди: конфискуван недвижен имот во износ од 1.595.356 илјади денари и одземени предмети во износ од 52.981 илјади денари.
Корекциите произлегуваат од налог број 01 од 01.01.2024 година со кој извршено е зголемување на вредноста на Стоките во магацин поради погрешно двојно евидентирање на иста издатница за издавање на стоки. Истата кореспондира со позицијата Извори на капитални средства (точка 4.4.1).

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства

На оваа позиција евиднетирани се одземени хартии од вредност – акции од домашни правни лица во износ од 80.595 илјади денари (во 2022 година - 80.562 илјади денари).

**Пасива**

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни финансиски обврски

Оваа позиција во 2023 година е проценета во износ од 512 илјади денари (во 2022 година – 0 денари) и се однесува за обврски за данок на додадена вредност.

### 4.3.2. Пасивни временски разграничувања

Во 2023 година на оваа позиција искажана е состојба во износ од 4.892.972 илјади денари (во 2022 година – 4.866.697 илјади денари) односно пренесен вишок на приходи во наредна година во износ од 40.721 илјади денари и побарувања од купувачите во износ од 4.852.251 илјади денари.

## 4.4. Извори на средства

### 4.4.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција по извршените корекции во текот на ревизијата е проценета во вкупен износ од 1.728.932 илјади денари (во 2022 година – 1.720.882 илјади денари) и се однесува на евидентирана залиха на конфискуван недвижен и движен имот и одземени хартии од вредност – акции од домашни правни лица. Позицијата кореспондира со позицијата Залихи на стоки (4.1.4) и Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства (4.2.1).

## 4.5. Вонбилансна евиденција

Оваа позиција во 2023 година изнесува 84.882 илјади денари (во 2022 година – 13.648 илјади денари) и се однесува на привремено конфисуваните книжни и ковани пари во странска валута кои се предаваат на чување во НБРСМ.

Прилог број 1

## Преглед на одземени моторни возила кои се наоѓаат на локации на МВР и не се предадени на Агенцијата

| Реден број | Полициска станица | Вид на моторно возило | | | Проценета вредност | Без вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Патничко возило | Товарно возило | Мопед | | |
| 1 | Велес | 39 | 0 | 3 | 32 | 10 |
| 2 | Кавадарци | 27 | 0 | 5 | 0 | 32 |
| 3 | Регионален центар за гранични | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 4 | СВР Скопје | 46 | 1 | 1 | 0 | 48 |
| 5 | Регионален центар за гранични | 30 | 5 | 0 | 0 | 35 |
| 6 | СВР Битола | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 7 | Регионален центар за гранични | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 8 | СВР Охрид | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 9 | ОВР Крива | 24 | 1 | 0 | 0 | 25 |
| 10 | ОВР | 8 | 0 | 1 | 0 | 9 |
| 11 | ОВР Гевгелија | 15 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| 12 | ОВР Кочани | 13 | 0 | 5 | 0 | 18 |
| 13 | ОВР Берово | 14 | 1 | 0 | 0 | 15 |
| 14 | ОВР Свети | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 15 | ОВР | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 16 | ОВР Делчево | 15 | 0 | 4 | 0 | 19 |
| 17 | ОВР Штип | 78 | 5 | 28 | 0 | 111 |
| 18 | ОВР Виница | 27 | 0 | 0 | 0 | 27 |
| 19 | ПО Матејче | 47 | 5 | 0 | 0 | 52 |
| 20 | ОВР Кратово | 3 | 0 | 4 | 0 | 7 |
| 21 | ОВР | 26 | 12 | 0 | 0 | 38 |
| 22 | ОВР Гостивар | 85 | 3 | 0 | 0 | 88 |
| 23 | ПО Теарце | 12 | 0 | 1 | 0 | 13 |
| 24 | ПО Жеровјане | 30 | 1 | 0 | 0 | 31 |
| 25 | По Камењане | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| 26 | ПО Групчин | 36 | 0 | 0 | 0 | 36 |
| ВКУПНО: | | 600 | 35 | 54 | 35 | 654 |

Прилог број 2

| Отстапени предмети за кои Владата подоцна донела одлуки за нивно отстапување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Општинско училиште | Општина | Број и датум на донесено решение за отстапување на движен имот | Број и датум на Одлука на Владата за согласност на решението | Датум на отстапување | Проценета вредност вом 000 денари |
| 1 | ООУ „Наим Фрашери" | Куманово | 09-4435/1 од 29.11.2023 | 41-1247/11 од 13.02.2024 | 15.12.2023 | 3.255 |
| 2 | ООУ„7 марси" | Скопје-Чаир | 09-4447/1 од 29.11.2023 | 41-1247/13 од 13.02.2024 | 05.12.2023 | 1.407 |
| 3 | ООу„Дитуриа" | Сарај | 09-4439/1 од 29.11.2023 | 41-1247/8 од 13.02.2024 | 12.12.2023 | 517 |
| 4 | за повеќе општински училишта | Могила | 09-4437/1 од 29.11.2023 | 41-1247/16 од 13.02.2024 | 07.12.2023 | 714 |
| 5 | за повеќе општински училишта | Липково | 09-4436/1 од 29.11.2023 | 41-1247/17 од 13.02.2024 | 26.12.2023 | 1.093 |
| 6 | ООИ Нури Мзари-Делогожда | Струга | 09-4440/1 од 29.11.2023 | 41-1247/9 од 13.02.2024 | 29.01.2024 | 512 |
| 7 | СОУ„Нико Местор" | Струга | 09-4441/1 од 29.11.2023 | 41-1247/15од 13.02.2024 | 29.01.2024 | 1.042 |
| 8 | ООУ„ 26 Јули" | Скопје Шуто Оризари | 09-4445/1 од 29.11.2023 | 41-1247/4 од 13.02.2024 | 04.12.2023 | 3.179 |
| ВКУПНО: | | | | | | 11.719 |

Прилог број 3

| Отстапени предмети со одлуки на Влада а кои не се предадени на корисниците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Општинско училиште** | **Општина** | **Број и датум на донесено решение за отстапување на движен имот** | **Број и датум на Одлука на Владата за согласност на решението** | **Проценета вредност во 000 денари** |
| 1 | за повеќе општински училишта | Долнени | 09-4434/1 од 29.11.2023 | 41-1247/18 од 13.02.2024 | 851 |
| 2 | ООУ„Алија Авдовиќ"-село Батинци | Студеничани | 09-4443/1 од 29.11.2023 | 41-1247/6 од 13.02.2024 | 1.866 |
| 3 | ООУ„Рилинdја" Селце | Тетово | 09-4444/1 od 29.11.2023 | 41-1247/5 од 13.02.2024 | 1.010 |
| 4 | ООУ„Никола Карев" | Крушево | 09-4446/1 од 29.11.2023 | 41-1247/14 од 13.02.2024 | 406 |
| 5 | ООУ„Јунус Емре" и ООУ„ Мустафа Кемал Ататурк" | Пласница | 09-4438/1 од 29.11.2023 | 41-1247/10 од 13.02.2024 | 1.488 |
| 6 | ООУ„Даме Груев"-село Куклиш | Струмица | 09-4442/1 од 29.11.2023 | 41-1247/7 од 13.02.2024 | 688 |
| ВКУПНО: | | | | | 6.309 |

**Прилог број 4 _магацин Идризово**









Прилог број 4 _магацин Идризово









Прилог број 4- магацин во Тетово









Прилог број 4- магацин во Тетово









Прилог број 4_Плац Миладиновци









**Прилог број 4_Плац Миладиновци**










Прилог број 4 _Магацин Гевгелија









Прилог број 4 _Магацин Гевгелија









ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул.„Павел Шатев бр.2

Палата Емануел Чучков

1000 С К О П Ј Е

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
28.01.2025
11-166/1

Од

Дритон Небиу - поранешен директор на АУОИ

ПРЕДМЕТ: ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт Извештај за извршена ревизија во Агенција за управување со одземен имот ги давам следните забелешки:

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/2 прилог бр.1 од 30.12.2024 година.

По однос на точка 3.1.3. алинеја 2 не се согласувам со мислењето затоа што Секторот за правни работи доставил Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, што е видно и од Вашата констатација во точка 3.1.3. алинеја 4 дека Секторот за правни работи Ви доставиле Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, па врз основа на тоа може да се констатира дека Секторот за правни работи има евиденција на побарувања за судски пресуди и тоа со податоци за број на пресуда, судот кој ја донел, обвинетиот, законскиот основ и имотната корист за што Ви доставувам повторно табели со податоци кои Ви биле дадени на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Ексел табели од 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година прибавени од Агенцијата за управување со одземен имот.

По однос на точка 3.2.7 алинеја 2 не се согласувам со мислењето дека Агенцијата не ја известува Владата при носење на одлуки за отстапување на имот на друг државен орган без надомест бидејќи пред да се отстапи имотот на било кој друг орган најпрвин се бара согласнот на решението за отстапување од страна на Владата со што истата е известена и запознаена. Без согласност на Владата не се врши отстапување ни продажба на било каков подвижен или недвижен имот.

**Прилог:** Решенија за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда и одлуки за давање согласнот на решенијата, прибавени од АУОИ.

По однос на точка 3.2.8. алинеја 2 не се согласувам со мисењето од причина што Агенцијата врши архивско заведување на барањата примени од државните органи и други институции, дури и оние кои се примени по емаил за кое во прилог ви доставувам барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции заведени во архивата на Агенцијата.

**Прилог:** Барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции прибавени од АУОИ.

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/1 прилог бр.2 од 30.12.2024 година

По однос на точка 3.1.1 не се согласувам целосно со изразеното мислење за нецелосен извршен попис на средствата, побарувањата и обврските, дека основните средства не се усогласени со фактичка состојба и со финансиската, со оглед на тоа дека сите основни средства се евидентирани во софтверот за основни средства со инвентарни броеви по кои го прифаќа евидентирањето. Истите се вредносно пренесени во финансикса евиденција и усогласени во главна книга со податоците од РЕВ1 образецот кој

ги дава сите податоци по ставки и на крај на 2023 година сегашната вредност е иста во Бруто билансот по ставки сложена е вредноста на 0 и 9 за што Ви доставувам прилог документација.

**Прилог:** Образец РЕВ-1

По однос на точка 3.1.3 не се согласувам со мислењето на Државната ревизија за нереално искажување по извршни исправи за 2023 година која ги спроведува Министерство за финансии по добиени извршни решенија во годината за која е ревизијата беше компликувана поради извршување на поголем број на извршни решенија за судски постапки кои ги водела Агенцијата заедно со Државно правобранителство со кое трошоците се делат по 50%, но истите се извршувале 100% од Агенцијата и потоа од страна на Државно правобранителство се вршени поврати на сметка на Агенцијата со што во податоците кои ни ги дава Министерство за финансии доаѓа до намалување на реализацијата и средствата кои останиваат на ставка 465 во износ од =1.333.788,00 денари со одлуката за прераспределба во договор со вработените од буџет при МФ беа повратени во централниот буџет (Сл.весник 207/23).

По однос на точка 3.1.4 не се согласувам со мислењето за нецелосно и нереално искажани обврски во текот на годината поради непрокнижени фактури од тековниот 12 месец бидејќи во финансиските извештаи се книжат фактури за месец 12 од претходната година и со тоа се искажуваат трошоци за 12 месеци поради ограничувањето со достава на податоци во ЕСПЕО образецот кој се изготвува и до 10 во месец Јануари се доставадо Министерство за финансии заедно со табела за неплатени фактури до сектор трезор при Министерство за финансии.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1 , алинеја 1 давам забелешка од причини што за административните службеници вработени во Агенцијата за управување со одземен имот, во 2022 година со измените на законските одредби за минимална плата, беа изготвени Нови решенија во кои се содржани сите елементи за пресметка на плата и тоа:

Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

А) Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

- Минимална плата

- Дел на плата за степен на образование
- Дел на плата за ниво
- Дел на плата за стаж
- додатокот за степен на кариера

Делот на плата за работниот стаж на административните службеници се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Б) Исклучителната компонента, која ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Прилог:**Решенијата за плата на административните службеници кои беа изготвени 2022 година како и копија од Решенијата за плата на административните службеници за 2024 година прибавени од АУОИ.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1, алинеја 5 давам забелешка од причини што Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, се издава на почетокот на месецот и во него се наведуваат причините за зголемениот обем на работа и работните задачи кои треба да ги извршат вработените.

По завршувањето на задачите, се изготвуваат и доставуваат работните книги со пресметаните работни и прекувремени часови.

На крајот на месецот се изготвуваат Решенијата за прекувремени часови заедно со платата за тој месец

Оттука напоменувам дека доколку некое решение е изготвено на почетокот на наредниот месец тоа се однесува на платата за претходниот месец (доколку работните книги се доставени подоцна односно ненавремено до крајот на месецот).

Истовремено сакам да нагласам дека прекувремената работа настанала од потребата за изготвување на повеќе од 14.000 пакети поделени како донација за потребите на голем број училишта низ цела држава, како и потребата за превземање на разна стока од царинските испостави, а се заради немањето на доволен кадар вработени

во самата Агенција и покрај нашите редовни барања кон Владата за да ни одобрат нови вработувања.

Во оваа насока како прилог доставувам фото и видео податоци за спроведените активности од страна на вработените, воглавном после работното време.

**Прилог:**УСБ со дел од фото и видео базата на активностите, нагласувајќи дека сите активности можат да се најдат и на фб страната на Агенцијата.

**Прилог:** Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, Решение за прекувремена работа и Работна книга

По однос на точка 3.2.3. алинеја 1 не се согласувам со мислењето на Државната ревизија од причина што Агенцијата истовремено имала ангажирано максимум три лица и затоа немало потреба за барање согласност од Министерството за финансии видно и од табелата која ја имате како прилог на извештајот се гледа дека лицата се ангажирани откако им прекинувале договорите на претходните или дел биле ангажирани повремено но истовремено не се ангажирани повеќе од три лица согласно член 8 став 1 од Законот за трансформација на редовен работен однос.

По однос на точка 3.2.3 алинеја 5 не се согласувам со мислењето затоа што од Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година видно е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор. Истовремено нагласувам дека вработените со договор на дело биле редовно присатни на нивните работни места, од кои еден во сектор за финансиски прашања, еден во пријавница и еден во администрацијата.

**Прилог:**Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година

По основ на точка 3.2.10 алинеја 2 не се согласувам со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата за кое во прилог Ви доставувам записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 3 не се согласувам со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат потпис од претседателот на Управниот одбор за кое во прилог ви доставувам записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година од кои се гледа дека претседателот е потпишан на секој записник за одржана седница.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 5 не се согласувам со мислењето дека 19-та и 20-та седница на Управниот одбор се архивирани со ист архивски број и датум, за кое во прилог Ви го доставувам Дневниот ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневниот ред од 20-та седница на Управниот одбор.

**Прилог:** Дневен ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневен ред од 20-та седница на Управниот одбор.

По основ на точка 4.1. алинеја 6 не се согласувам со мислењето, бидејќи Агенцијата и во 2022 година и во 2023 година има побарано поголем број на вработувања, унапредувања и вработувања по основ на пензионирање, меѓутоа планот е одбиен од страна на Министерството за финансии. Како доказ за ова повторно Ви ја дотавувам Табелата од која може да се види бројот на побарани унапредувања и вработувања, а истата Табела Ви беше доставена на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Табела од која може да се види бројот на побарани унапредувања

На крај освен горенаведените забелешки, напоменувам и дека за поголемиот дел на забелешките од страна на Ревизијата не се согласувам целосно од причина што состојбата утврдена од страна на Ревизорскиот тим била наследена заради што и како директор на Агенцијата и сум побарал извршување на Ревизија со цел да се утврдат слабостите затекнати и со цел да истите се корегираат за поуспешно и поефикасно функционирање на Агенцијата. Тука би сакал да ја спомнам и состојбата во капацитети за чување на одземениот имот, услови кои беа и се сеуште неадекватни, за што постои и документирано барање како и јавни изјави дека бараме подобрување на условите и подготовка на идејниот проект за надминување на оваа состојба за да не се оштетат

добрата кои се дадени на стопанисување на Агенцијата, за што не бевме сериозно разбрани од страна на Владата за да ни овозможат надминување на затекнатата состојба.

Исто така во врска со констатацијата во точка 3.2.2. алинеја 2 напоменувам дека наведената сума е употребена за превземање на одземени возила надвор од град Скопје низ цела држава, по полициски станици, царински испостави, гранична и шумска полиција, кои возила беа донесени во магацините на Агенцијата во зависност од можните капацитети за прием на истите.

Во врска со точка 3.2.6. треба да се нагласи дека реализиравме повеќе донанции што можат да се потврдат од фото и видео записите приложени во УСБ како и во самата ФБ страница на Агенцијата каде се објавени сите овие активности, и за спроведување на истите беа користени поголем број на возила што влијаеше во поголема потрошувачка на гориво за истите возила. Исто така напоменувам дека за настанатата состојба воопшто не бев известен од страна на службите дека е надмината вредноста на склучениот договор, што произлегува и од фактот дека економскиот оператор воопшто не ја известил Агенцијата дека е надминат договорениот лимит за користење на горива.

Прилог: УСБ со дел од фото и видео базата на активностите, нагласувајќи дека сите активности можат да се најдат и на фб страната на Агенцијата.

Скопје, 24.01.2025

Подносител,

Дритон Небиу

**Влада на Република Северна Македонија**

**- Агенција за управување со одземен имот -**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
28.01.2025
11-166/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 05-411/1
23.01. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул.„Павел Шатев бр.2
Палата Емануел Чучков
1000 С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Почитувани,

Агенцијата за управување со одземен имот ги дава следните забелешки по однос на Нацрт извештаите за извршената ревизија од Државниот завод за ревизија Скопје и тоа:

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/2 прилог бр.1 од 30.12.2024 година.

По однос на точка 3.1.3. алинеја 2 не се согласуваме со мислењето затоа што Секторот за правни работи достави Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, што е видно и од Вашата констатација во точка 3.1.3. алинеја 4 дека Секторот за правни работи Ви доставил Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, па врз основа на тоа може да се констатира дека Секторот за правни работи има евиденција на побарувања за судски пресуди и тоа со податоци за број на пресуда, судот кој ја донел, обвинетиот, законскиот основ и имотната корист за што Ви доставуваме повторно табели со податоци кои Ви беа дадени на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Ексел табели од 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година.


Влада на Република Северна Македонија
Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје
Република Северна Македонија
Тел.02 3 254 380
www.info@odzemenimot .gov.mk

По однос на точка 3.2.7 алинеја 2 не се согласуваме со мислењето дека Агенцијата не ја известува Владата при носење на одлуки за отстапување на имот на друг државен орган без надомест бидејќи пред да се отстапи имотот на било кој друг орган најпрвин се бара согласнот на решението за отстапување од Страна на Владата со што истата е известена и запознаена. Без согласност на Владата не се врши отстапување ни продажба на било каков подвижен или недвижен имот.

**Прилог:** Решенија за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда и одлуки за давање согласнот на решенијата.

По однос на точка 3.2.8. алинеја 2 не се согласуваме со мисењето од причина што Агенцијата врши архивско заведување на барањата примени од државните органи и други институции, дури и оние кои се примени по емаил за кое во прилог ви доставуваме барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции заведени во архивата на Агенцијата.

**Прилог:** Барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции.

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/1 прилог бр.2 од 30.12.2024 година

По однос на точка 3.1.1 не се согласуваме целосно со изразеното мислење за нецелосен извршен попис на средствата, побарувањата и обврските, дека основните средства не се усогласени со фактичка состојба и со финансиската, со оглед на тоа дека сите основни средства се евидентирани во софтверот за основни средства со инвентарни броеви по кои го прифаќа евидентирањето. Истите се вредносно пренесени во финансикса евиденција и усогласени во главна книга со податоците од РЕВ1 образецот кој ги дава сите податоци по ставки и на крај на 2023 година


Влада на Република Северна Македонија | Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје Република Северна Македонија | Тел.02 3 254 380 www.info@odzemenimot .gov.mk

сегашната вредност е иста во Бруто билансот по ставки сложена е вредноста на 0 и 9 за што Ви доставуваме прилог документација.

**Прилог:** Образец РЕВ-1

По однос на точка 3.1.3 не се согласуваме со мисењето на Државната ревизија за нереално искажување по извршни исправи за 2023 година која ги спроведува Министерство за финансии по добиени извршни решенија во годината за која е ревизијата беше компликувана поради извршување на поголем број на извршни решенија за судски постапки кои ги водела Агенцијата заедно со Државно правобранителство со кое трошоците се делат по 50%, но истите се извршувале 100% од Агенцијата и потоа од страна на Државно правобранителство се вршени поврати на сметка на Агенцијата со што во податоците кои ни ги дава Министерство за финансии доаѓа до намалување на реализацијата и средствата кои остануваат на ставка 465 во износ од =1.333.788,00 денари со одлуката за прераспределба во договор со вработените од буџет при МФ беа повратени во централниот буџет (Сл.весник 207/23).

По однос на точка 3.1.4 не се согласуваме со мислењето за нецелосно и нереално искажани обврски во текот на годината поради непрокнижени фактури од тековниот 12 месец бидејќи во финансиските извештаи се книжат фактури за месец 12 од претходната година и со тоа се искажуваат трошоци за 12 месеци поради ограничувањето со достава на податоци во ЕСПЕО образецот кој се изготвува и до 10 во месец Јануари се достава до Министерство за финансии заедно со табела за неплатени фактури до сектор трезор при Министерство за финансии.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1 , алинеја 1 даваме забелешка од причини што за административните службеници вработени во Агенцијата за управување со одземен имот, во 2022 година со измените на законските одредби за минимална плата, беа изготвени Нови решенија во кои се содржани сите елементи за пресметка на плата и тоа:

Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

А) Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

- Минимална плата

- Дел на плата за степен на образование
- Дел на плата за ниво
- Дел на плата за стаж
- додатокот за степен на кариера

Делот на плата за работниот стаж на административните службеници се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Б) Исклучителната компонента, која ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Прилог:** Решенијата за плата на административните службеници кои беа изготвени 2022 година како и копија од Решенијата за плата на административните службеници за 2024 година.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1, алинеја 5 даваме забелешка од причини што Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, се издава на почетокот на месецот и во него се наведуваат причините за зголемениот обем на работа и работните задачи кои треба да ги извршат вработените.

По завршувањето на задачите, се изготвуваат и доставуваат работните книги со пресметаните работни и прекувремени часови.

На крајот на месецот се изготвуваат Решенијата за прекувремени часови заедно со платата за тој месец

Оттука напоменуваме дека доколку некое решение е изготвено на почетокот на наредниот месец тоа се однесува на платата за претходниот месец (доколку работните книги се доставени подоцна односно ненавремено до крајот на месецот).

По однос на точка 3.2.3. алинеја 1 не се согласуваме со мисењето на Државната ревизија од причина што Агенцијата истовремено имала ангажирано максимум три лица и затоа немало потреба за барање согласност од Министерството за финансии видно и од табелата која ја имате како прилог на извештајот се гледа дека лицата се ангажирани откако им прекинувале договорите на претходните или дел биле ангажирани повремено но истовремено не се ангажирани повеќе од три лица согласно член 8 став 1 од Законот за трансформација на редовен работен однос.

По однос на точка 3.2.3 алинеја 5 не се согласуваме со мисењето затоа што од Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година видно е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

**Прилог:** Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година

По основ на точка 3.2.10 алинеја 2 не се согласуваме со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата за кое во прилог Ви доставуваме записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 3 не се согласуваме со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат потпис од претседателот на Управниот одбор за кое во прилог видоставуваме записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година од кои се гледа дека претседателот е потпишан на секој записник за одржана седница.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 5 не се согласуваме со мислењето дека 19-та и 20-та седница на Управниот одбор се архивирани со ист архивски

број и датум, за кое во прилог Ви го доставуваме Дневниот ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневниот ред од 20-та седница на Управниот одбор.

**Прилог:** Дневен ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневен ред од 20-та седница на Управниот одбор.

По основ на точка 4.1. алинеја 6 не се согласуваме со мислењето бидејќи Агенцијата и во 2022 година и во 2023 година има побарано поголем број на вработувања, унапредувања и вработувања по основ на пензионирање, меѓутоа планот е одбиен од страна на Министерството з а финансии. Како доказ за ова повторно Ви ја дотавуваме Табелата од која може да се види бројот на побарани унапредувања и вработувања, а истата Табеала Ви беше доставена на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Табела од која може да се види бројот на побарани унапредувања

Со почит,

в.д. Директор

Ирена Илиевска

Изготвил: Неџмедин Фејзула
Контролирал: Јаготка Богоевска
Одобрил: М-р Анита Бошкова


Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје
Република Северна Македонија
Тел.02 3 254 380
www.info@odzemenimot.gov.mk

Прилог 6

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенција за управување со одземен имот на сметката на основен буџет (637) број 10-117/10 и депозитната сметка (696) број 10-117/11 од 25.12.2024 година од:

- м-р Дритон Небиу, законски застапник на Агенцијата за управување со одземен имот за периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/1 од 28.01.2025 година и
- од г-ѓа Ирена Илиевска, вршител на должност директор на Агенција за управување со одземен имот број 05-414/1 од 23.01.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/2 од 28.01.2025 година.

Со увид во доставените забелешки и дополнително доставената документација ревизијата констатира дека истите се идентични по содржина.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Депозитна сметка (696)**

1. Забелешката на утврдената состојба во точката 3.1.3 алинеја 2, во однос на наодот за не воспоставена евиденција на побарувањата за секој предмет судски пресуди одделно со податоци за: бројот и годината на правосилната пресуда и судот кој ја изрекол, назив на обвинетиот, видот на кривично и/или прекршочно дело, висината на имотот и/или имотна корист и неговата наплата, ниту има утврдено староснa структура, всушност се однесуваат на алинеја 1 и истата **не се прифаќа**. Податоците кои Секторот за правни работи ги достави во текот на ревизијата во форма на Ексел табели и повторно доставени со забелешките, се податоци кои се однесуваат за период 2019-2023 година, изготвени по барање на ревизијата и истите се делумни затоа што не опфаќаат податоци за претходни периоди.

2. Забелешката на утврдената состојба во точката 3.2.7 алинеја 2 во однос на управувањето со одземениот недвижен имот дека Агенцијата нема воспоставено пракса да ја известува Владата заради носење одлука за негово отстапување на друг државен орган без надомест, **не се прифаќа**. Дополнително доставените документи во прилог на забелешките се Одлуки

на Владата со кои се дава согласност за отстапување на подвижен имот - моторни возила, одземени со правосилна судска пресуда, а не на недвижен имот.

3. Забелешката на утврдената состојба во точката 3.2.8 алинеја 2 дека Агенцијата не располага со податоци за вкупниот број на примени барања од државни органи и други институции за отстапување на одземени предмети без надоместок бидејќи не врши архивско заведување на барањата, евидентирање според видот на предмети што се бараат ниту пак со писмен допис го известува субјектот доколку не располага со бараните предмети **делумно се прифаќа**. Во прилог на забелешките доставени се архивски заведени барања за отстапување на одземени предмети без надоместок за 2023 година, а состојбата ќе биде соодветно обелоденет во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.